**Дел 11: Изведување на термотехничка инсталација (со вграден материјал)**

Проценета вредност без ддв : 25.000,00 ден

Ддв 18% : 4.500,00 ден

Проценета вредност со ддв : 29.500,00 ден

**Дел 12: Изведување на браварски работи (со вграден материјал)**

Проценета вредност без ддв : 5.000,00 ден

Ддв 18% : 900,00 ден

Проценета вредност со ддв : 5.900,00 ден

**Дел 13: Изведување на изолаторски работи (со вграден материјал)**

Проценета вредност без ддв : 10.000,00 ден

Ддв 18% : 1.800,00 ден

Проценета вредност со ддв : 11.800,00 ден

Вкупната цена на работите без ДДВ изнесува **1.230.000,00** денари,

ДДВ: **221.400,00** денари,

Вкупна цена со ДДВ: **1.451.400,00** денари.

Единечната цена на работите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот односно да ги изврши работите предмет на договорот веднаш по барање на нарачателот, со склучување на поединечен договор пред секоја спроведена работа.
Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот.

**Лица задолжени за надзор и реализација на договорот:**

- **Гл.Сестра. Јасмина Коруноска - 070 387 036**
- **Дипл.маш.инж. Дарко Божиновски - 070 370 626**
- **Домаќин-Економ. Асип Ковачи**

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 6**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;
- ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;